30657

13149, 9,

НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник 30 август 1983 год. ●

СИНОКА ПРЕД КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР

# ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ПРОСТОРОТ: »СТОГ«

Во организација на Музејот на современата уметност од Скопје синоќа група архитекти составени од Искра Грабул, Живко Поповски, Митко Хаџи Пулја и Златко Хаџи Пецов, на просторот меѓу новата зграда на МНТ и Центарот за музички уметности изведе интервенција во просторот под наслов „Стог". Интервенцијата се состоеше од воведување рурален амбиент среде град: поставување стог и плашило, изработка на фенер од кора од лубеници, летала од хартија, балони, варење пченка. Во анимацијата на овој доста неактивен простор придонесоа и двете книжарници кои работат во комплексот на Културниот центар со тоа што своето работно време го поместија до доцна вечерта.

Претпладнето зборувавме со архитектот Грабул за идејата да се организира еден ваков настан во рамките на интервенциите во простор што секоја година ги приредува Музејот на современата уметност.

— Годинава МСУ располагаше со малку средства за интервенциите — вели Искра Грабул — така што откако го одбравме просторот на кој ќе ја градиме „играта". одлучивме да употребиме материјал што таму веќе го има. Со тревата од големиот тревник пред Културниот центар можеше да се направи стог, според кој и „хепенингот" го доби своето име. Еден наш соработник од селото Глумово ја искоси тревата, донесе шушки, коњ и две крави, дрва и гранки за плашило и факли, пченки. Многу тешко се снабдевме со хартија за леталата, а макетарите од „Аеро—клубот" направија и авиони. Идејата ни беше да понудиме поинаков концепт на дружење и собир, далеку од елитните галерии. Можеми не треба да се очекува сите да имаат еднаква визија за анимација, но појдовме од лерии. Можеби не треба да бидеме ни толку осамени. Сликарите во рамките на интервенциите работат со боја, скупторите со материјал, а ние, архитектите, треба да создаваме простор. Од силата на нашата инвенција ќе зависи колку луѓе ќе успееме да вклучиме во оживувањето на дадениот простор. Вед наш да кажам дека во приредбата ништо значајно нема да се случува во одреден момент. Дејствијата паралелно ќе течат. „Стог" може да послужи како идеја за заживување на други урбани простори во овој град. С. Ѓ.